# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

# П Р А В И Л Н И К

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Скопје, 18.09.2019 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14/ 27/16, 35/18 и 198/2018), член 11 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019), член 7 став 4 од Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2003, 15/2007, 20/2012, 156/2016 и 157/2016), Шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за внатрешна организација на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија бр. 08-93/9 од 21.10.2015 на начин што во целокупниот текст зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија “.

Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени во графичкиот приказ (органограм) на внатрешната организацијата на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, кој е составен дел на овој Правилник, на начин што во целокупниот текст во графичкиот приказ (органограм) зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „ Република Северна Македонија “.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 08-2051/9
18.09. 2019 година

Шеф на Канцеларијата на Претседателот
на Владата на Република Северна
Македонија

Мирјана Јанева